УДК: 355.02:355.45(497-15)"18/19"(091)
327:355.02(497-15)"18/19"(091)

Зоран Иванов
zivanov@etu.edu.tr

# БЕЗБЕДНОСНАТА ДИНАМИКА НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ ДО КРАЈОТ НА 20-ТИОТ ВЕК

*Апстракт.* – Проучувањето на историјата води до сознанија кои ги појаснуваат и расветлуваат причините поради кои се случуваат одредени настани. Ова е особено важно при обработка на теми кои се поврзани со безбедноста, одбраната и надворешната политика на државата. Затоа ова истражување ќе се обиде преку следење и евалуација на клучните настаните кои директно влијале врз динамиката на промените на безбедносната состојба во Западниот Балкан, да извлече заклучоци базирани врз основа на идентификуваните индикатори кои ја дефинираат политичко безбедносната состојба во регионот, а кои директно влијаат врз државата.

Незамисливо е да се предвидуваат промени без да се знае како безбедносното окружување се менувало во минатото. Токму затоа даваме основни сознанија кои можат да помогнат во идентификувањето на поими поврзани со денешното безбедносно окружување, кое ја преставува физичката и нефизичката средина во секојдневното живеење. Во поширока смисла се подразбираат услови, настани влијанија во регионот на Балканот. Во потесна смисла на зборот се подразбира опкружувањето во Република Македонија. Поради реципроцитетната поврзаноста на условите, настаните и влијанијата од регионот и во Македонија и обратно, при употреба на терминот опкружување ќе се подразбираат услови, настани и влијанија на Западниот Балкан вклучувајќи ја средината во регионот околу нашата држава и средината во нашата држава.

*Клучни sборови.* – безбедносно опкружување, Балкан, конфликт, политика, историска анализа.

Балканскиот Полуостров, се карактеризира со различност на нациите и религите кои го прават поводлив на различни идеологии и влијанија. Балканот секогаш бил регион каде се кршеле копјата на големите светски сили од Запад и Исток. Народите кои ја населувале оваа територија можат да се окарактеризираат како население со богато минато на конфликти поради етнички, национални и религиски разлики за идентификација и препознавање.

Процесот на формирање на национални држави на Балканот започнал, и најинтензивно влијаел врз населенијата во 19 век, при што тоа бил период на културна и политичка еманципација, кој му дала белег на секој народ посебно. Настаните од 20-от век, преставуваат продолжение на бројните, некогаш ирационални воени конфликти во насока на формирање или проширување на териториите на балканските држави. Таквата пракса најдобро се огледувала во периодот на Балканските војни.

Имено, после Младотурската револуција од 1908 година, било јасно дека Османлиската Империја ги живеела последните години на Балканот, што било доволен повод за нејзините територии да се заинтересираат и балканските и големите европски држави. На тој начин, почнал да се подготвува терен за поделбата на османската оставнина на европскиот континент. Бројни биле билатералните, тајни договарања помеѓу големите европски влади за истото прашање. Од друга страна и балканските политички кругови биле се позаинтересирани, преку остварување на плановите на големите сили, да дојдат до проширување на сопствените територии. Во таквата констелација, бугарскиот државен врв, поведувајќи се од потребата за оживотворување на сонот за Санстефанска Бугарија, а окуражен од својот долгогодишен патрон, Русија, се гледал како сериозен наследник на голем дел од територијата на османската држава. Не помали аспирации кон истите територии покажувале и Србија и Грција, кои распределбата на македонските и албанските територии на османската држава, меѓусебно ја договарале со години.[1] Кога кон сето тоа се надоврзал и интересот на Црна Гора, дошло до очекуван след на настаните т.е до избувнување на две покуси, но крвави војни на Балканот. После војните дошло до значајни промени на териториите на балканските држави, а со тоа и до промена на балансот на интересните сфери контролирани од сериозните европски држави. Случувањата на Балканот, биле интересни и во политичките коментари низ руските и другите европски јавни гласила. Во таа насока се говори

[1] Јовановски, Тодороска, 2013, 7.

дека прашањето, кое го предизвикува размислувањето на читателот и по Втората Балканска војна останало не одговорено. Имено, останува нејасно, дали европските држави можеле веднаш по сигналите за распаѓање на Османлиската Империја да се заложат за автономна македонска држава, доколку македонската територија се третирала како поголем залак за секоја од балканските држави. Напротив, немото набљудување на Европа, кој се кити со своето едногласно мирољубие не успеала да биде решителна и достоинствена на сопствените кодекси. Со тоа да се стави крај на самоуништувањето на избезумените народи и да се прифати единственото херојско спасувачко средство да им се одземе на завојуваните страни поводот за продолжување на расправиите, кои требало да ја прифатат загубата. Создавајќи независна автономна Македонија, Европа би постигнала друг многу важен резултат, би им излегла во пресрет на пламените желби на самите Македонци, кои не сакаат да бидат ни Срби, ни Бугари, уште помалку Грци. Завршувајќи таква задача, меѓународната дипломатија ќе можела да се гордее со успехот кој никогаш не бил постигнат, односно не било решено горливото прашање на македонската судбина. Ние тоа би го нарекле разврзување на Гордиевиот јазол со искусни раце.[2] И покрај фактот дека Гордиевиот јазол му бил потребен и полезен на Европскиот концепт, не било дозволено неговото разврзување. Напротив, мекедонското прашање повтроно било ставено на дневен ред, за разгледување и „решавање" на 10 Август 1913 година во Букурешт.[3] За жал, решението преставувало верифицирано касапење на етничката територија на Македонија.[4]

Големите сили повторно интервенираат и го поставуваат новиот територијален поредок во Југоисточна Европа. На тој начин, Романија и се доделува Јужна Добруџа, Србија ги добива Косово, Нови Пазар и Вардарска Македонија. Грција ги добива Епир и Егејска Македонија. Црна Гора анектирала извесен број соседни територии. Бугарија ги добива Пиринска Македонија и Западна Тракија.[5] Со делбата на македонската територија,[6] дел од македонското население останало да живее во територијата на новосоздадената албанска држава и тоа во граничните области Преспа, Поле, Голо Брдо и Гора.

---

[2] ДАРМ мф. 1169, "Симбирянинъ", 29 јуни 1913, Но. 1790, 1.

[3] Politecon, https://www.pollitecon.com/html/treaties/Treaty_Of_Bucharest_1913.htm (пристапено на 10.06.2024)

[4] Тодороска, 2008, 192.

[5] Center for Democracies and Reconciliation in South-Eastern Europe, www.cdsee.org/jhp/pdf/Work Book3_mk.pdf (пристапено на 10.06.2024)

[6] Тодороска, 2013, 7.

Политиката на делби и прекројувања продолжува и во 1914 год., кога започнала Првата светска војна, кој бил вододелница во историјата на Западот и има сериозно влијание на 20 век. Земајќи ги предвид нејзините причини, речиси сета дискусија се однесувала на степенот на одговорност на различните влади, во услови на создавање системи на алијанси (Антанта на Англија, Франција и Русија и Алијанса на Австро-Унгарија, Германија и Италија), што неминовно резултирало со светска војна.[7]

Другиот главен фокус е марксистичката теорија на империјализам, која што тврди дека меѓународниот ривалитет предизвикан од потребата за пазари и извори на суровини ја направил светската војна неизбежна. На внатрешните причини им се има посветено многу малку внимание, а дури и кога внатрешната или општествената динамика биле истражувани, тие истражувања само промовирале повеќе или помалку погрешни претстави. Започнувањето на војната типично се тривијализира преку насочување на вниманието на убиството на австрискиот принц Франц Фердинанд, а природата и траењето на колежот кој следи, лажно се прикажани како ненадеен развој на настаните.[8]Следејќи ги историските состојби, економските интереси и развојот на техниката и технологијата во текот на 19 и почетокот на 20 век, Првата светска војна никако не била изненадување сред политичките и дипломатските европски кругови. Изненадување не бил ниту регионалниот поредок во Југоисточна Европа што се појавил по Првата светска војна, а кој бил многу нестабилен. Сите нови држави креирани со Версај[9] носат голем дел од остатоците на претходните империи, кои требало да се справат со новите предизвиците на слабите институции, економската заостанатост, неасимилираните малцинства, етнички тензии и стратешката изложеност на надворешни влијанија.[10] Влијанието на светската депресија било особено тешко во области чии економии останале, уште од времето на големите империи, доминантно земјоделски.

Уште во текот на војната, и во вардарскиот дел на Македонија, кој се наоѓал под српска власт се чувствувала напнатоста што ја обременувала целокупната ситуација меѓу различните идеи и народи за создавање на нова државна творба, како заеднички политички субјект на Балканот. За разрешување на проблемите, на 20 јули 1917 година, на остро-

---

[7] Patocka, 1976-77, 116.

[8] Zerzan, 1988, 2.

[9] Chateau de Versailles, https://en.chateauversailles.fr/discover/history/key-dates/treaty-versailles-1919 (пристапено на 10.06.2024)

[10] Siminkin, 1997, 25.

вот Крф, биле одржани преговори помеѓу членови на српската Влада на чело со Никола Пашиќ и Југословенскиот одбор на чело со Анте Трумбиќ. Како резултат на овие преговори била потпишана Крфската декларација, со која се предвидувало и создавање на заедничка југословенска држава т.е. Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, која повеќе наликувала на пашиќева замисла за хегемонија на Србија, т.е негова програма и манифестација, отколку обврска и договор.[11]

Всушност оваа декларација била и првата заедничка изјава и компромис на претставниците на Југословенскиот одбор и српската Влада по прашањата за обединувањето и уредувањето на идната држава. Се предвидувала унитарна, буржоаско-демократска монархија, на чело со династијата Караѓорѓевиќ. Карактеристично било тоа што декларацијата го предвидувала како основен принцип, принципот на народното самоопределување, но не и решавање на социјалното прашање на народот во таа држава. Според декларацијата, биле поделени ресорот за надворешни работи на Анте Трумбиќ и ресорот за внатрешни работи на Светозар Прибиќевиќ.[12]

Во таквите држави политичката поларизација, значајно влијаела врз подемот на екстремистичките движења, креирање на партии на левицата и националистички партии на десницата. Како неизбежна последица, во секоја земја од регионот, на површина испливале долго потиснуваните тензии за чие решавање се применувале варијанти на кралска или воена диктатура.

Таков е примерот со Албанија, во кусата фаза на демократското владеење на Фан Ноли, кој протежирал парламентарен режим во 1924 година, а бил соборен од Ахмед Зогу или самокрунисаниот Крал Зогу I од 1928 година.[13] Следен пример преставува Кралство на Србите, Хрватите и Словенците создадено по Првата светска. Имено, по убиството на лидерот на Хрватската селанска партија, Стјепан Радиќ, во Националниот парламент, од страна на српскиот националист Рачиќ во јуни 1928 година, започнал процесот на воведување на кралската диктатура, од страна на кралот Александар I Караѓорѓевиќ, која започнува да се реализирала на 6 јануари, 1929 година со распуштање на народното собрание на Кралство на Србите, Хрватите и Словенците.[14] Бугарскиот цар Ферди-

[11] Krizman, Hrabak,1960, 282.

[12] Јовановиќ, 1965, 232-238.

[13] Vickers, 1995,117-140.

[14] Nation, 2003, 43.

нанд во октомври 1918 година, абдицира во корист на неговиот син Борис. Бугарија доживува неуспешни аграрни и комунистички востанија во текот на 1918 и 1923 година, а во 1935 година, по краткотрајниот воен удар, кралот Борис III прогласува лично владеење.[15] Со Версајскиот договор, територијата на Романија речиси двојно се зголемува. Турбулентниот повоен период и подемот на фашистичката Железна гарда на чело со лидерот Корнелије Кодреану, води до прогласување на нов авторитарен уставот од страна на кралот Карл II во 1938 година.[16]

Турбуленции имало и во Грција кои кулминираат во 1936 година. Генерал Јоанис Метаксас го распушта Грчкиот парламент и се самопорогласува за диктатор под возобновената монархија на Гиоргиос II.[17] Во повоениот период специфичен развој забележува и младата Турска држава која го носела товарот на наследник на долговековната Османска Империја. Така Мустафа Кемал и неговата Републиканска народна партија го презема водството со турската држава во која се владеело авторитарно и партиски.[18]

Современите државни граници во регионот иако не се поклопуваат со некогашните или посакуваните граници на балканските народи, сепак се длабоко вкоренети во нивната колективната свест. Така, во одредени кругови на сите Балкански држави постои „сонот" за голема Србија, „мегали" идеја за Голема Грција, Голема Албанска држава, за Санстефанска Бугарија и Етничка Македонија. Токму поради тоа историјата е сведок на ирационалноста на колективната свест кај одделни структури од балканските народи кои доведувале до воени конфликти и уште поголеми нерационални аспирации и барања.

Градењето на националните држави не било идентичен процес во сите балкански држави. Но, она што можеме да го потврдиме е дека политичките последици од овој меѓувоен период допринеле за слаба или никаква демократизација, јасно одвојување на социјалната структура, на населението, зголемување на етничките тензии, авторитарно владеење кое го отсликува искуството кај сите новоформирани држави.

Во овој период регионот исто така се соочувал со т.н меѓудржавни предизвици. Во таа смисла било и носењето на новата политичка платформа на Комунистичката Коминтерна од 1919 година, во која што

---

[15] Ibid, 43.

[16] Georgescu, 1991, 189-222.

[17] Woodhouse, 1968, 212-237.

[18] Ahmad, 1993, 52-71.

се прокламирала нова политика за припојување на Балканот кон Советскиот режим на владеење. Во војната од 1919 година до 1923 година, приоритетите кон внатрешна трансформација кај Грција и Турција, забележителна била и промената на релациите со Балканските соседи кои станале тензични.[19] Во таквите констелации Бугарија, задржувајќи ја ревизионистичката ориентација кон постоечкиот регионален поредок, придонесе Софија да оствари блиски релации со мусолинистичка Италија. Во таква насока беше упатена и Албанија, бидејќи кралот Зог I одбрал економски и политички да ја потчини неговата држава на Мусолинистичкиот режим. Со веќе големиот економски и политички багаж, Италијанската држава почнала да ги зголемува сопствените иредентистички погледни кон Истра и Далмација што било директна територијална закана за Кралството на СХС. Во меѓународните констелации после Првата Светска Војна, специфична улога имаат и Австриската и Унгарската држава, потоа Британија и Франција кој се изјасниле за став кој гарантирал статус скво на Балканот. Во 1921 година била создадена т.н. Мала Антантата, пакт за взаемна помош во духот на Чехословачката иницијатива во 1920 година. Таа требало да ги обедини Кралството СХС, Чехословачка и Романија околу антикомунистичката и анти-ревизионистичка агенда. Малата Антанта била надополнета во Централна Европа од страна на полско-романски пакт за взаемна помош. Меѓутоа ваквото одвивање на настаните било спречено од полско-чехословачка фракција со што било оневозможено продолжување на оваа иницијатива да ја покрие целата Централна Европа како коридор меѓу Германија и СССР.[20]

Заканата од Хитлеровото доаѓање на власт придонела во февруари 1934 година, создавање на нова Балканска Антанта[21] која ги сплотила Карството Југославија, Романија, Грција и Турција да склучат договор за зачувување на постоечките граници. Во таквата намера биле охрабрени од Советскиот Сојуз, а сето тоа се одвивало преку француско спонзорство.[22] Меѓутоа со убиството на кралот Александар I Караѓорѓевиќ, за време на државната посета на Марсеј во 1934 година, во Белград била ослабена дотогашната посветеност за регионална соработка. Балканската Антанта ја губи основата за нејзино прераснување во цврста Балканска

[19] Nation, 2003, 44.

[20] Adam, 1993, 57.

[21] Балканскиот пакт или Балканската Антанта е политички сојуз склучен во 1934 година помеѓу Турција, Грција, Романија и Југославија за зачувување на статус квото по Првата светска војна.

[22] Carr, 1947, 213-214; Tsvetkov, 1990,78-84; Kerner, Howard, 1936; Geshkoff, 1940, 203-231.

иницијатива. Во перидот кога Романија и кралството Југославија се одстраниле од претходната идеја, истовремено и Чехословачка се предала на Хитлеровата власт во 1938 година, станува јасно дека крајот на Малата Антанта и Блаканската соработка било невозможно да се одржат независно од покровителство на 45 западни демократии. Поведени од општите политичи состојби од Европа и Балканските Земји биле вовлечени во нова војна кон крајот 1939-1940 година иако биле воено неподготвени, непријателски настроени и поделени меѓу себе. Актуелната сосотојба на Балканот најдобро ја отсликува изјавата на словенечко-американскиот писател Луис Адам дадена за време на посетата на Сараево во 1933 година, „(...) Ние сме дел од општиот Европски хаос, ние ја немаме целосната и конечна одлука за нашата судбина. Ние сме фатени во динамиката на меѓународната политика на големите сили (...)".[23]

Сообразувајќи се со потребите на темата напомнуваме дека во случајот на т.н Југославенски народи, создавањето на заедничка држава на Србите, Хрватите, Словенците и другите преставувало огромен преамбициозен политички проект. Како што говорат историските записи, уште на самиот почеток на овој заеднички проект се увидело дека различните народи зборувале на различни политички јазици. Хрватите зборувале со јазикот на федерализмот, Србите говореле со јазикот на централизмот, но не успеале да најдат заеднички политички јазик. Поради тоа во 1929 година била создадена нова државна формација, при што праството на СХС прераснало во кралство Југославија во која повторно сите страни се најдоа повредени.[24]

Новата држава повторно не успеала да им оддоле на внатрешните и надворешните влијанија при што разликата во концептуалното сваќање на државата доаѓало до израз и при најмал етнички или националистички излив кај повеќенационалниот народ во државата. Токму поради тоа во периодот на зајакнување на фашизмот како појава во Европа, истиот има успех на тлото на кралството Југославија.[25]

Почетокот на Втората светска војна бил најдобар показател за различните интереси, различните политички сваќања и желби на народите на кралството Југославија. Втората Светска Војна започнала на 1 Септември 1939 година со Германската инвазијата на Полска. Во војната учествувале силите на Оската и Сојузничките сили при што со воените

[23] Adamic, 1934, 188; Lampe, 2000,164.
[24] Nation, 2003, 48.
[25] Bakić, 2006, 21-43.

дејствија биле зафатени Европа, Азија, Пацификот, Медитеранот, Африка и Атлантикот. Втората Светска Војна била погубна за 75 милони луѓе и се смета за најсмртна војна во човековата историја.

На европско тло официјално војната завршила на 9 Мај 1945 година со безусловна капитулација на Германија. После воените дејствија Европските и Балканските земји биле целосно разурнати и започнал процес на создавање на нови држави, нови политички процеси, нови граници. Што се однесува до Југословенските народи, а во тој контекст и Македонскиот, треба да го истакнеме фактот дека нивното учество на страната на антихитлеровската коалиција им овозможило да се изјаснат и да добијат своја Федеративна држава. Нејзиното политчко уредување како и во многу други поствоени држави било комунистичкото кое овозможувало заедничко живеење на разнородните народи со различни идеолошки и ментални матрици. Комунистичките режими на Балканот патронирани од големиот СССР не ретко преставувале камено сопнување за комунистичките Европски држави.[26] Меѓутоа исклучително добро покриваниот етнички политички и верски национализам кој на моменти прераснувал и во шовинизам, бил достојно искористен во моменти кога се подготвувал колапсот на комунизмот како политичка идеологија.

Балканскиот комунистички режим, кој бил најтешко погоден кон крајот на дваесеттиот век, ја покажува реалната слика која била прикривана од крајот на Втората светска војна до падот на Берлинскиот ѕид, за животот и соживотот во државите со комунистичиот режим. Колку и да звучи иронично најлиберален од сите нив бил југословенскиот комунистички систем. Во ретроспектива, ова не е толку изненадувачки, како што можеби изгледа на прв поглед.

Југословенскиот комунизам е автохтон феномен, наметнат од страна на надворешен агресор. Со тоа и повеќе преставува составен дел на идентитетот на државната кохезија и потешко се отфрла, отколку што тоа беше случај во соседните режими/држави. Релативниот успех на Титовизмот направи колапс на развојот на Југословенскиот модел што се случи во текот на 1980-тите чии последици потешко се поднесоа. Со оглед на предизвиците на етничка комплексност и поновата историја на внатрешно-социјалните крвопролевања, Југословенскиот експеримент беше во непосредна опасност. Силното меѓународно спонзорство кои му помагаше на Тито да му се пркоси на Сталин, повеќе не доаѓаше. За време на студената војна децении на насилно распаѓање на југосло-

[26] Stavrianos, 1959, 223-254.

венската федерација, како што се случиле во текот на 1990-тите години не би биле дозволени. Суперсилите беа премногу во игра за да се овозможи ерупција на анархичната војна во овој критичен регион и затоа тие имаа волја да го спречат тоа. По падот на Берлинскиот ѕид кревката федерација на Тито загуби многу од своето светло како стратешки тампон регион, а како позитивен пример за соседните режими кои сеуште биле предмет на Советската власт. Со доаѓањето на ‘90-тите како единствената реална опција за посткомунистичките земји од Балканот била соработка со триумфалниот Запад. Меѓутоа еуфоријата од „крајот на историјата“, беше кратка.[27] Европските сили, неподготвени за крајот на студената војна, како и нивните структури, преокупирани со други прашања и убедени дека играта е повеќе од вредна, биле подготвени да вклучат нови демократски држави од регионот без двоумење. Во меѓувреме, распадот на Југославија, промовиран од страна на субјективните национализми кои се чинеше дека своите корени ги имаат длабоко во историјата, дал повод за серија на локални војни кои го повлекле целиот регион во спирално опаѓање, поради што се создава слика дека меѓународната заедница креира хаос. Со палењето на селата и етничкото насилство, врз оној другиот Балканот долго бил преставуван како територија во која се случуваат недозволиви дејства надвор од дозволените граници на цивилизацијата која се борела да се врати во живот. Во меѓувреме поради личните интереси за историските свери на влијанија на Балканот, историски познатите големи сили се нашле пред повторна борба да ги дефинираат своите приоритети, а при тоа виталните интереси да не бидат повредени. Тоа било една од причините за расправи околу одржливоста на регионалната стабилност која се потешко се дефинирала. Дел од причините за распадот на Југославија се наоѓаа и во фактот што Југословенската федерација дозволи нерешени национални прашања да ги управува во согласност со нулти критериуми. Соочени со драстично променетите околности и многу непознаници, граѓаните на Југославија и меѓународната заедница требало да се борат за зачувување на федерацијата по секоја цена како единствен инструмент способен за обезбедување на стабилна рамка за транзиција кон нови модели на интеракција. „(...) Без разлика дали преку запоставување, дезориентација или активна поддршка за новите политички сили свиткувани од ветер на национализам, тие не го сторија тоа, сакаа да жнеат од виорот на војната (...)”.[28]

---

[27] Roth, 1993, 188-196.
[28] Vejvoda, 1996, 9-27.

Од друга страна не само југословенските туку и балканските народи имале, според нас и денес имаат, тенденцијата да ја перципираат историјата како нелинеарен феномен, кружен процес кој неизбежно се повторува. Современите и идните политики се темелат на минати желби, амбиции, колективни страдања и трауми. За жал ваквиот став претставува појдовна основа за креирање на нивната визија за иднината. Реалност е дека современото западно-балканско окружување и безбедносните политики и натаму неминовно ќе бидат обликувани во контекст на привремено контролираните прашања од етничка, национална и религиска природа.

**Заклучок**

Историската анализа, ни дава можност да ги следиме и анализираме промените низ минатото. Денес комплексноста на дипломатската и безбедносната состојба се резултат на еволуцијата на настаните кои се случувале во минатото. Затоа есенцијално е да се изучува значењето и последиците од сите клучни настани во историја. Во спротивно, перцепцијата за актуелната реалност која ја живееме би била површинска, додека безбедносната политика би добила реактивна улога, без моќ да влијае врз промените на безбедносното окружување за да се остварат националните интереси.

## БИБЛИОГРАФИЈА

B. Krizman, B. Hrabak, „Zapisnici sa sednice delegacije Kraljevine SHS na mirovnoj konferenciji u Parizu 1919-1920“, Beograd 1960, 282.

Bakić Jovo, „Fašizam u Jugoslaviji (1918–1941)“, Nova srpska politička misao, Beograd 2006, vol. 11, br. 1-4, str. 21.

C. M. Woodhouse, “Modern Greece: A Short History”, London: Faber & Faber, 1968, pp. 212-237.

Center for Democracies and Reconciliation in South Eastern Europe. www.cdsee.org/jhp/pdf/WorkBook3_mk.pdf

E. H. Carr, “International Relations Between the Two World Wars, 1919-1939”, New York: Harper Torchback, 1947, pp. 213-214.
Ewald Hibbeln, “Codreanu und die Eiserne Garde”, Siegen: J. G. Herder-Bibliothek Siegerland e. V., 1984.
Feroz Ahmad, “The Making of Modern Turkey”, London: Routledge, 1993, pp.52-71.
Jan Patocka, “Warsofthe 20th century and 20th CenturyasWar”, Telos 30, (Winter 1976-77), p. 116.
John R. Lampe, “Yugoslavia as History: Twice There was a Country”, 2nd ed., Cambridge: Cambridge University Press, 2000, p. 164.
John Siminkin, “Fisrt World War Enciclopedia”, (Kindle Edition).
John Zerzan, “Elements of Refusal”, CAL Press 1999 (1st Edition, 1988), 2.
Joseph Rothschild, The Communist Party of Bulgaria: Origin and Development”, New York: Columbia University Press, 1959, pp. 223-254.
L. S. Stavrianos, “Balkan Federation: A History of the Movement toward Balkan Unity in Modern Times”, Hamden, CT: Archon Books, 1964.
Louis Adamic, “The Native’s Return”, New York: Harper & Brothers, 1934, p. 188.
Magda Adam, “The Little Entente and Europe, 1920-1929”, Budapest: Akademia i Kiadó, 1993.
Miranda Vickers, “The Albanians: A Modern History”, London: I. B. Taurus, 1995, pp.117-140.
Plamen Tsvetkov, “Evropeiskite sili, balkanite I kolektivnata sigurnost 1933-1935”, Sofia: Izdatelstvo na Bŭlgarskata Akademia na Naukite, 1990, pp. 78-84.
Robert Joseph Kerner and Harry Nicholas Howard, “The Balkan Conference and the Balkan Entente, 1930-1935: A Study in the Recent History of the Balkan and Near Eastern Peoples”, Berkeley: University of California Press, 1936.
Roth Michael S. “History and Theory 32”, no.2 (1993):188–96. https://doi.org/10.2307/2505352
Theodore I. Geshkoff, “Balkan Union: A Road to Peace in Southeastern Europe”, New York: Columbia University Press, 1940, pp. 203-231.
Vlad Georgescu, “The Romanians: A History”, Columbus: Ohio State University Press, 1991, pp. 189-222.
War in the Balkans 1991-2002, R. Craig Nation, August 2003 стр.43.
World War II in Europe, www.drugisvetskirat.org
ДАРМ мф. 1169, “Симбирянинъ”, 29 юни 1913, Но. 1790, 1.
Драгољуб Јовановиќ, „Политичке успомене, књ. 4, Београд, 1965, 232-238.
Катерина Тодороска, „Македонците во Албанија“, Скопје 2013, 7.
Катерина Тодороска, „Црвено-црно. Политичката и културната соработка меѓу Македонците и Албанците (1903-1913)“, Том 1, Скопје, 2008, 192.

Zoran Ivanov
zivanov@etu.edu.tr

# SECURITY DYNAMICS IN THE BALKAN PENINSULA UNTIL THE END OF THE 20TH CENTURY

(summary)

Studying history leads to insights that clarify and illuminate the reasons behind certain events. This is particularly important when addressing topics related to a state's security, defense, and foreign policy. Therefore, this research aims to draw conclusions by monitoring and evaluating key events that have directly influenced the dynamics of changes in the security situation in the Western Balkans. These conclusions will be based on identified indicators that define the political-security state of the region, which in turn directly impacts the state.

It is only possible to predict changes by understanding how the security environment has evolved in the past. For this reason, we provide foundational insights that can aid in identifying concepts related to today's security environment, encompassing both the physical and non-physical dimensions of daily life. In a broader sense, this includes the conditions, events, and influences in the Balkan region. In a narrower sense, it refers specifically to the environment within the Republic of Macedonia. Due to the reciprocal relationship between the conditions, events, and influences in the region and those in Macedonia, and vice versa, the term "environment" will encompass the conditions, events, and influences in the Western Balkans, including both the surrounding region and the environment within Macedonia itself.